РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Примено: 29.11.2022
09 1454/1

**До: Општина Демир Хисар**
**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

______________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- **Дали е назначен службеник за млади во општината? Доколку да, споделете ја одлуката за неговото именување.**
- **Доколку општината има назначен службеник, наведете негови контакт-информации.**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **(в) фотокопија**
- **(г) електронски запис**
- д) друго ______________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **(г) е-маил**
- д) друго ______________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Битола, 29.11.2022 година** ______________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 29.11.2022 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со службеникот за млади во Општина Демир Хисар, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] Битола, имателот на информацијата Општина Демир Хисар, Ви ја доставува информацијата во врска со со службеникот за млади во Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер, заведена во архивата на Општина Демир Хисар на 29.11.2022 година под архивски број 09-1454/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 29.11.2022 година, под бр. 09-1454/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

Република Северна Македонија * ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР *

# -ИНФОРМАЦИЈА-

-Во Општина Демир Хисар е назначен службеник за млади. Во прилог Ви го доставуваме Решението за назачување во кое ги има и потребните контакт-информации.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

------------------------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
БР. 08-1151/1
26.11. 2021 год.
ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 23 од Законот за младинско учество и младински политики (Службен весник на РСМ бр.32/20), член 71 став 14 и член 94 став 3 од Статутот на општина Демир Хисар (Службен гласник на општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19и 7/21), Градоначалникот на општина Демир Хисар, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за назначување службеник за млади**

1. Административниот/та службеник/чка Катерина Радовска, вработена во општинската администрација на работно место- Помлад соработник за изготвување одобренија за градење и решенија за употреба, се назначува за **СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ**, лице кое ќе биде одговорно за работењето на Канцеларијата за млади, за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на општина Демир Хисар.
2. Службеникот за млади изготвува годишни извештаи за работата на општина Демир Хисар во делокругот за малди, и истиот ќе ги доставува до Агенцијата за млади и спорт и ќе ги објавува на веб страницата на општина Демир Хисар.
3. Контакт информациите за службеното лице ќе бидат јавно достапни, објавени на веб страницата на општина Демир Хисар.
   Катерина Радовска- Службеник за млади
   Тел.: 071 902 701 или 047 552 661
   Е-маил: kateradovska@outlook.com или opstinademirhisar@yahoo.com
4. Примерок од решението да се достави до
   -Архива на општина Демир Хисар
   -Агенција за млади и спорт
   -Назначеното лице

5. Решението стапува во сила со денот на донесувањето.

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Градоначалник
Никола Најдовски